Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на [redacted] за кастрење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење во глава на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (јавор) што се наоѓа **на ул. "Мирослав Крлежа" на аголот со ул. "Орце Николов" – Скопје.**
2.Кастрењето во глава на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето во глава на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted] има поднесено барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/650** од **05.09.2024** година, за кастрење во глава на дрвото што се наоѓа **на ул. "Мирослав Крлежа" на аголот со ул. "Орце Николов" – Скопје.**

Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвото предмет на барањето, има скршени големи гранки кои се надвиснати над тротоарот и паркираните возила, поради тоа истото треба да се искастри во глава.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри во глава, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/650/2**
**12.09.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

изготвил:
**Марија Стојановска**

______________________
Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

______________________
Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT